Република Македонија
Општина Новаци

Бр. 14-920/10
26.10.2015 год
Новаци

Врз основа на член 21 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), а во согласност со член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија„ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12 и 93/13), Советот на Општина Новаци, на ден 26.10.2015 година, донесе:

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **ЛУПД за изградба на Ловен дом со пропратни содржини на дел од КП 1732, дел од КП 1750 и КП 2109** кој се носи согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање **потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина,** согласно со член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Новаци** - **www.opstinanovaci.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животната средина и врз основа на податоците од прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **ЛУПД за изградба на Ловен дом со пропратни содржини на дел од КП 1732, дел од КП 1750 и КП 2109 КО Будимирци нема да има влијание врз животната средина од следните причини:**

Членот 65 став (2) од Законот за животната средина предвидува дека Стратегиска оцена се спроведува на плански документи од повеќе области со кои се создава основа за изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина, а во предметниот плански документ се создава основа за изведување на планирање и уредување на просторот со елементи за негово рационално организирање и користење, зголемување на вредноста на земјиштето, создавање на можност за економски развој позитивни промени во економските движења (развој на ловен туризам) на просторот. Со имплементација на овој плански документ се предвидува оплеменување на природнот потенцијал, без да дојде до загрозување на животната средина. Во фаза на експлоатација влијанијата врз животната средина се: влијание врз подобрување и зголемување на животинскиот фонд, со дефиниран начин на одгледување и хранење на животните.
Имплементацијата на планскиот документ нема значително влијание врз животната средина со оглед да влијанијата се минимални и ограничени на фазата на изведба.
Во поглед на промовирањето на одржливиот развој, имплементацијата на планскиот документ ќе има позитивни влијанија во смисла на подобрување на условите на живот, зашто ќе се обезбеди ангажирање на локалното население и збогатување на животинскиот фонд.
Клучна цел е изградба на Ловен дом со пропратни содржини
која е предвидена со Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на Градот Скопје и градоначалникот на општините во Градот Скопје („Сл. весник на РМ" бр. 80/09, 32/12) (Прилог 1, глава XI).

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерството за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

5.Одлуката ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Совет на Општина Новаци
Претседател
Пеце Минчевски

Република Македонија Општина Новаци

Република Македонија
Општина Новаци

Бр. 09-162/5
30.09.2015 год
Новаци

Податоци за органот кој го изработува планскиот документ	
Назив на планскиот документ	**ЛУПД за изградба на Ловен дом со пропратни содржини на дел од КП 1732, дел од КП 1750 и КП 2109**
Орган надлежен за изработка на планскиот документ	**Општина Новаци**
Орган надлежен за изработка на планскиот документ	**Општина Новаци**

Податоци за изработувачот на планскиот документ	
Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ	**Летка Јовановска**
Назив на работното место	**Раководител на Одделение за комунални дејности, урбанизам, сообраќај, животна средина и ЛЕР во Општина Новаци**
Контакт податоци за лицето	**Тел. 047 20 30 60** **Моб. 075 216 554**

Основни податоци за планскиот документ
Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)
Закон за просторно и урбанистичко планирање
Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?
Се донесува нов плански документ.
Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување.
/
Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА – наведете ја областа.
Да, просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиште.
Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3 точка 1 алинеја 5)
Не
Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен, наведете за каков проект станува збор.
Не
Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.
Не
Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.
При спроеведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развој. Изработката и реализацијата на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, треба да се темели на примена на определбите за заштита на животната средина и одржлив развој утврдени со Просторниот план на Република Македонија.
Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)
Просторно и урбанистичко планирање и користење на земјиште
Периодот на донесување на планскиот документ
Не е предвиден.
Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?
Не е предвидено.
Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)
Планскиот опфат со површина од 3хе, се наоѓа во рамките на ловиштето бр.4

Ниџе, опфаќа дел од КП1732,1750 и 2109 во КО Будимирци, општина Новаци
Прилог бр.1
Предметната локација припаѓа на Пелагонискиот реон кој има 10 микрореони.

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита *Карта бр. 24*

Легенда:
- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



	ДА	НЕ
Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.	x	
Дали е приложена копија од целите?		

Резиме на влијанијата врз животната средина

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните

прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)	
Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ	
Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата	**Веројатноста за негативни влијанија врз животната средина од времетрање на имплементацијата, фрекфентноста на планскиот документ е присутна, но законски регулирана.** **Изработката и реализацијата на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, треба да се темели на примена на определбите за заштита на животната средина и одржлив развој уврдени со Просторниот план на Република Македонија.**
Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето	**Можни закани по животната средина од предвидениот за изградба ловен дом со пратечки содржини се: нарушување на квалитетот на воздух, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпад.**
Прекугранична природа на влијанијата	**Имплементацијата на овој плански документ нема прекугранични влијанија врз животната средина.**
Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)	**Во текот на градбата на инфраструктурниот објект, како превентива, работниците треба да носат заштитни елеци и соодветно обележување на работите во близина на сообраќајниците со сообраќајна сигнализација.** **При транспорт и работа на градежната механизација ќе се обезбеди соодветен надзор.** **Спречување и отстранување на опасностите од пожар, спасување на луѓето и имотот загрозени од пожар, Операторот ќе ја организира и спроведува заштитата од пожар врз основа на закон и План за заштита од пожар. Овој план ќе биде изработен врз основа на законските прописи, техничките нормативи и стандарди, како и на основа на инвестиционо техничката документација. Во рамките на редовниот надзор на работата, ќе се врши и противпожарен надзор.** **На градилиштето е обврзно чување**

	на средства за прва помош. Најблиски центри за укажување на стручна медицинска помош се амбулантата во општина Новаци и медицинските центри во Битола.
Опсег и просторен обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)	**Површината која е предмет на работа е неизградено земјиште во Будимирци, Општина Новаци. Будимирци се наоѓа на десната страна на Црна Река, брои околу 90 жители.**
Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:	
Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во Просторниот план на Република Македонија се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економски развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности. Со разместување на економските дејности и со агломерирањето населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е градот Битола со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условиет за планирање. Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ се зголемување на атрактивноста на просторот, заштита на природните и создадените ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развој.	
Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:	
Посебни природни карактеристики или културно наследство	**Површината која е предмет на работа е неизградено земјиште во Будимирци, Општина Новаци. На подрачјето кое е предмет на анализа нема регистрирани недвижни споменици на културата(Експертен елаборат за заштита на недвижно културно наследство) Доколку при изведувањето на земјените работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.64 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. Весник на РМ бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, бр.137/13, бр.38/14 и бр.44/14), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.129 од Законот.**

Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности	**Мерки за заштита на животнат асредина кои треба да се превземат со цел да се обезбеди одржлив развој на анализираното подрачје со минимално негативно влијание врз медиумите и областите во животната средина:** • **Да се внимава да не дојде до искористување на замјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности** • **Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии** • **Да се предвидат соодветни технички зафатаи за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друг анамена** • **Да се контролира квалитетот на пречистителни отпадни води пред испуштање во најблиските реципенти, со цел да се усогласат вредностите со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во рецепиентот** • **Да се превземат активностио за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животнат асредина** • **Организирано управување со отпадот со цел да се минимизиранегативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето** • **Создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци з асанација на евентуално**

	предизвиканите нарушувања во животната средиан • **Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалаиштата и прекумерно искористување н априродните богатства, со цел д асе намалата или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите** • **При изработка на ЛУПД да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот**
Интензивна употреба на земјиштето	**Имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика интензивна употреба на земјиштето и 100 % од планираното земјиште ќе биде пренаменето од земјоделско во градежно земјиште.**
Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја	**Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија (Сл.в.на РМ, бр.39/04) на просторот кој е предмет на разработка на Локалната урбанистичка планска документација за изградба на ловен дом со пратечки содржини, на дел од КП 1732, 1750 и 2109 во КО Будимирци, општина Новаци, нема евидентирано ниту регистрирано природно наследство. Доколку при изработка на ЛУПДили при уредување н апросторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизација на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.** **Локацискиот опфат наменет за реализација на планскиот документ е опкружен од предел богат со шуми и простори со природни вредности. Со оглед на големото значење на интересите и целите за унапредување и заштита на шумите, а во интерес на економските, еколошките и социјалните функции на шумата, неминовно е активна и перманентна заштита на шумите како:** **-ригорозно спроведување на**

	законските прописи од областа на заштита на шумите од пожари; -подигнување на зелени појаси со пирофитни растенија во склоп на четинарските монокултури; -одржување на просеките во шума, -поседување на минимална противпожарна опрема;
Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите	
Планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот во РМ треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Со планскиот документ предвидена е изградба на Ловен дом со пропратни содржини за која во постапката за издавање на одобрение за градба ќе се изработи елаборат за животна средина.	
Објаснете ја околината во близина на проектот, односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални објекти)	
Изградбата на ловен дом со пратечки содржини во КО Будимирци ќе предизвика позитивни ефекти базирано врз принципите на одржлив развој со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина. Ефикасната инфраструктурна опременост на овој простор и неговата поврзаност со околните рурални населби, и со градот, треба да биде фактор за афирмација, но и фактор за гравитациско влијание и поврзаност со поширокото опкружување.	
Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина, особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ продонесува кон одржливоста и намалувањето на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина, отколку некој образовен план на наставните планови)	
Планирањето и реализирањето на активностите за спроведување на планскиот документ треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Со планскиот документ предвидена е изградба на Ловен дом со пропратни содржини за која во постапката за издавање на одобрение за градба ќе се изработи елаборат за животна средина. Во поглед на промовирањето на одржливиот развој, имплементацијата на планскиот документ ќе има позитивни влијанија во смисла на • создавање услови за непречено вршење на основните човечки активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој. • Зголемување на нивото на економската и социјалната згриженост, со непосредно влијание врз зголемување на мотивираноста на селското	

население и искажување на траен интерес за опстанок во матичната средина, целосна афирмација на сите аспекти на живеење и стопанисување во рурална средина и создавање на неопходна економска и социјална сигурност.

- **Зголемено ниво на функционална и комунална опременост и планско уредување на селските населби, подобрување на локалната сообраќајна инфраструктура и ефикасна комуникациска поврзаност со центрите од повисоко ниво**

Просторниот план се залага за концепт на интегрален и полифункционален пристап во организација и уредување на руралните простори, како појдовна основа за развој и унапредување на квалитетот на живеењето, при што приоритетна задача претставува целосното активирање на расположивите потенцијали, релевантни за развој на стопанството, кои ќе бидат искористени за создавање на систем за ефикасно организирано пазарно стопанисување.

Грижата за дивечот и заштитата на животната средина се во фокусот на Компанијата која од 2010 година го зеде под концесија ловиштето Ниџе, што се наоча југоисточно од Битола. Оттогаш концесионерот успешно ја спроведува планираната развојна програма. Се почитува законот за лов, со обезбедена професионална ловочуварска служба и континуирано збогатување на ловиштето со нови грла дивеч.
Се изгради модерен репроцентар, кој во моментов има над 500 единки дивеч, за кои се грижи ветеринарна служба и се прехрануваат во текот на целата година.
При стопанисување со ловиштето Ниџе во фокусот ја имаме заштитата на животинскиот свет. Затоа се изгради модерен репроцентар со цела инфраструктура. Во моментов репроцентарот се простира на површина од 250 хектари со 7 километри ограда, а во првата половина на годинава репроцентарот ќе биде двојно зголемен и ќе оградиме дополнителни 200 хектари со 6 километри ограда. Во почетокот, репроцентарот се оплемени со 192 увезени грла дивеч, од кои: 100 елени-лопатари, 38 горски елени и 54 берберски овци. Кон крајот на минатата година се увезоа 30 муфлони и 50 грла сика-елени. Доколку се земе во предвид природниот прираст, во моментов репроцентарот на ловиштето Ниџе има над 500 единки дивеч, што е импресивна бројка. За животните безгрижно да ја поминат зимата секоја година се врши набавка и дотур на храна.
По моногу нешта ловиштето Ниџе се вбројува во едно од најдобрите на балканскиот регион.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ? Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.
(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои можат да го забават неговото спроведување, како и проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)

Можни закани по животната средина од предвидениот за изградба ловен дом со пратечки содржини се: нарушување на квалитетот на воздух, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот.
Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, на дел од КП 1732,1750 и 2109 во КО Будимирци, Општина Новаци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Анализата на влијанието врз животната средина. Како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животнат асредина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по натанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржлив развој. **Одржувањето на континуитетот во следењето на состобјите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временска рамка на која се однесува планскиот документ**
Објаснете како планскиот докумет кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документи во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документи и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.
Процесот на урбанизација веќе се одвива, а и во наредниот период ќе се одвива во општествено-економски услови во кои приватната иницијатива и пазарното стопанство ќе имаат значајно место и насочувачка улога во дефинирањето на перспективниот долгорочен просторен развој. Во тој контекст, приватната иницијатива која се манифестира особено низ тенденции за отварање на стопански, но и нестопански капацитети, ќе преставува движечка сила за побрз и порамномерен развој пред се на руралните населби во непосредната околина, а посредно и врз вкупниот општествен економски и урбан развој и во поширокота околина, односно блиските урбани центри. **Условите за планирање на просторот за изработка на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, и неговата изградба би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфрастуктурна опременост и уреденостна просторот и се разбира економски ефект.** **Изготвен е врз основа на условите за планирање на Просторниот план на РМ.**
Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.
Не
Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).
При изработка на Елаборатот за заштита на животната средина ќе бидат земени предвид заклучоците од Извештајот за стратешка оценка.
ИЗЈАВА | Потврдуваме дека информациите дадени во овој формулар се

	точни, вистинити и комплетни.
Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот	**Градоначалник,** **Лазар Котевски**
Датум _____ 2013. Н о в а ц и	м.п.

ПРИЛОГ бр. 1 (МАПА)